**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ**
**ТРУДОВО ПРАВО**

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| Име и презиме: | Научен степен и академско звање: |
|---|---|
| **Тодор Каламатиев** (раководител на предметната програма и предметен наставник) | **доктор на науки и редовен професор** |
| **Лазар Јовевски** (предметен наставник) | **доктор на науки и доцент** |
| **Александар Ристовски** (предметен наставник) | **доктор на науки и доцент** |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| Име и презиме на соработникот: | Научен степен и академско звање на соработникот: |
|---|---|
| **Други предавачи (експерти од практиката):** | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| Назив на предметната програма: ТРУДОВО ПРАВО | |
|---|---|
| **Код на предметната програма: 50805** | **Број на кредити: 7** |
| **Вкупно часови настава: 48** | **Број на страници задолжителна литература: 390** |
| **Студиска година кога се изучува предметната програма: II година, додипломски студии** | **Семестар во кој се изучува предметната програма: IV** |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

**Опис на предметната програма**

Трудовото право е посебна и самостојна правна дисциплина во правниот систем. Негов основен предмет на проучување и уредување претставуваат работните односи per se.

Предметната програма „трудово право” се состои од два дела: Прв дел – Општи и основни прашања на трудовото право и Втор дел – работни односи.

Првиот дел опфаќа општо-теориски прашања како што се: предмет, дефиниција, значења, место во правниот систем, карактеристики, однос на трудовото право со други правни дисциплини, развој, домашни и меѓународни извори. Покрај воведните напомени, во рамките на овој дел, значително внимание се посветува на колективните договори и Меѓународната Организација на Трудот (МОТ).

Вториот дел од предметната програма се однесува на работните односи. Во овој дел доминираат позитивно-правните аспекти кои се предмет на уредување на работното законодавство на Република Македонија (т.е. Законот за работните односи и останатите посебни прописи во сферата на трудот) со кој се регулираат работните односи. Работните односи се структурираат во три покрупни фази (засновање на работен однос, права и обврски во текот на работниот однос и престанок на работниот однос) кои претставуваат составен дел од предметната програма. Оттука, предметната програма ги опфаќа и прашањата за: правниот механизам на засновање работен однос, работното време, одморите, отсуствата, мирувањето на правата и обврските од работниот однос, заштитата на работниците при работа, платите и надоместоците на плати, правото на организирање на работниците и работодавачите, правото на штрајк, одговорноста на работници, престанокот на важноста на договорот за вработување, остварувањето и заштитата на правата од работен однос и инспекцискиот надзор.

**Клучни зборови (термини) за предметната програма**

труд, работен однос, договор за вработување, синдикати, работодавачи, колективни договори, Меѓународна Организација на Трудот (МОТ), Закон за работните односи.

**Начин на оценување и полагање на испитот**

Оценувањето и полагањето на испитот по трудово право, ќе се спроведува на следниот начин:

- **Испит**
  - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на 12-та недела од предавањата
  - Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум 90 поени
  - Студентите не полагаат влезен колоквиум

- **Активност**

  - Студентите имаат можност да остваруваат **најмногу 10 поени** од активност за време на наставата, а под раководство на наставникот при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.
  - Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот

- **Финална оцена**

  - Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од активност
  - Финалната оцена не може да надмине 100 поени

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

| Цели и резултати што треба да се постигнат |
| --- |
| Изучувањето на предметот Трудово право на студентите ќе им овозможи:<br><br>- да се запознаат со корпусот прашања и проблеми кои се составен дел на трудовото право, поаѓајќи од фундаменталната премиса дека „секој од нив еден ден ќе заснова работен однос” и токму поради тоа познавањата на правата од работен однос претставуваат и прашања на борба за поквалитетен живот;<br><br>-да се запознаат со различните аспекти на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работниот однос како и со правните институции од областа на трудот;<br><br>-да ги проучуваат работните односи во практиката преку постапката за вработување, склучување на договор за вработување, остварување и заштита на правата од работен однос, постапката за одговорност на вработените, престанокот на работниот однос и слично;<br><br>-да се стекнат со практични знаења во изработка на конкретни акти кои се предмет на проучување на трудовото право;<br><br>- да се овозможат разни форми и облици на интеракција и учество на студентите во спроведувањето на наставата;<br><br>- да се понуди теоретска основа за студентите кои ќе ја продолжат својата научна наобразба на II циклус студии (мастер „Деловно Право”, Модул Б-трудово право) и нивна солидна подготовка за полесна адаптација на пазарот на труд. |
| |

## VI. Методологија на предавање

| Методологија на предавање |
|---|
| Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации).<br><br>Најголемиот дел од наставата ќе се одвива со примена на современа информатичка технологија, која вклучува Power Point презентации и други мултимедијални техники.<br><br>Се очекува ангажираност на студентите преку истражувања на одредени теми кои ќе бидат јавно презентирани.<br><br>Наставните содржини ќе се реализираат од страна на предметните наставници, а по потреба и од страна на соодветни надворешни соработници.<br><br>Во текот на наставата, предвидени се и посети на соодветни институции и/или организации, кои ќе придонесат кон зајакнување на практичните знаења и искуства на студентите. |

## VII. Детална структура на предметната програма

| **Недела бр. 1** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br><br>*ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ (Прв дел)* | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 7-28 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Воведни Напомени<br>2. Предмет и содржина на трудовото право<br>3. Дефиниција на трудовото право во правната теорија<br>4. Местото, значењето и називите на трудовото право<br>5. Субјекти на трудовото право | |
| **Недела бр. 2** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>*ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ (Втор дел)*<br>*ПОСТАНОК И РАЗВОЈ НА ТРУДОВОТО ПРАВО И ЗАКОНОДАВСТВО* | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 28-59 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Воведни Напомени (Втор дел) | |

| | |
|---|---|
| 1.1 Кодификација и унификација на трудовото право<br>1.2 Односот на трудовото право со другите правни дисциплини<br>1.3. Карактеристики на трудово право<br><br>2. Постанок и развој на трудовото право и законодавство<br>2.1. Развој на трудовото право и законодавство-основни обележја во поедини периоди и земји<br>2.2 Развој на трудовото право и законодавство во Република Македонија<br>2.3 Современиот развој на трудовото право и законодавство во Република Македонија<br>2.4.Општи карактеристики и тенденции во развитокот на трудовото право и законодавство | |
| **Недела бр. 3** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>ИЗВОРИ НА ТРУДОВОТО ПРАВО | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 60-73 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Воведни напомени<br>2. Поим и видови на изворите на трудовото право<br>3. Домашни извори на трудовото право | |
| **Недела бр. 4** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ КАКО ИЗВОРИ НА ТРУДОВОТО ПРАВО | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 73-101<br>Закон за работните односи, (Сл.весник на Р Македонија, бр.62/05), Глава XIX „Колективни договори", чл.203-чл.235 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Колективни договори како извор на трудовото право<br>2. Историски контекст на појавата на колективните договори и нивното значење<br>3. Предмет и содржина на колективните договори<br>4. Субјекти и склучување на колективните договори<br>5. Правна природа на колективните договори<br>6. Европските искуства за колективните договори и колективното договарање | |
| **Недела бр. 5** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:** | **задолжителна литература:** |

| | |
|---|---|
| МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ТРУДОВОТО ПРАВО | Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 101-134 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Значење на изворите на трудовото право со меѓународен карактер<br>2. Меѓународна организација на трудот ( МОТ ) | |
| **Недела бр. 6** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>ОСТАНАТИ МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ТРУДОВОТО ПРАВО | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 134-174 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Нормите усвоени во рамките на ООН како меѓународни извори на трудовото право<br>2. Нормите усвоени во рамките на Советот на Европа како меѓународни извори на трудовото право<br>3. Нормите усвоени во рамките на Европската Унија како меѓународни извори на трудовото право<br>4. Нормите усвоени во рамките на одредени регионални организации како извори на трудовото право<br>5. Билатералните договори како извори на трудовото право<br>6. Односот на меѓународните извори на трудовото право | |
| **Недела бр. 7** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>РАБОТНИ ОДНОСИ – ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 175-215 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Создавање и развој на работните односи<br>2. Работните односи во правната теорија<br>3. Поим и елементи на работниот однос<br>4. Основни начела на работниот однос<br>5. Субјекти на работниот однос | |
| **Недела бр. 8** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>ПРАВЕН МЕХАНИЗАМ ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТНИОТ ОДНОС | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 215-255 |
| | |

| | |
|---|---|
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Обезбедување на потребата од нови работници<br>2. Објавување на слободни работни места, односно огласување на потребата за нови работници<br>3. Услови за засновање на работниот однос<br>4. Избор меѓу пријавените кандидати<br>5. Проверка на способностите и знаењето на работникот за вршење на работите<br>6. Правен основ за засновање на работен однос – договор за вработување<br>7. Време на кое се заснова работниот однос<br>8. Посебни видови на договори за вработување<br>9. Вршење на други работи и работа на одредени категории лица | |
| **Недела бр. 9** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ ОД РАБОТНИОТ ОДНОС И НИВНАТА ПОЛОЖБА (ПРВ ДЕЛ) | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 256-296 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Работно време<br>2. Паузи и одмори<br>3. Отсуства<br>4. Мирување на работниот однос – односно на правата и обврските од работен однос<br>5. Заштита на работниците при работа | |
| **Недела бр. 10** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ ОД РАБОТНИОТ ОДНОС И НИВНАТА ПОЛОЖБА (ВТОР ДЕЛ)<br><br>ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТНИЦИТЕ | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 296-322 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Права на работниците од работниот однос и нивната положба (Втор дел)<br>1.1 Плати и надоместоци на плата<br>1.2. Правото на организирање на работниците и работодавачите<br>1.3. Правото на штрајк<br>1.4. Економско-социјален совет<br><br>2. Одговорност на работниците<br>2.1. Материјална одговорност на работниците<br>2.2. Прекршочна одговорност | |
| **Недела бр. 11** | **број на часови:4** |
| **назив на тематската целина:** | **задолжителна литература:** |

| | |
|---|---|
| ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ (РАБОТНИОТ ОДНОС) | Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 323-343 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1.Општи согледувања во врска со престанокот на работниот однос<br>2. Правен механизам на престанокот на работниот однос, односно на договорот за вработување<br>3. Одлука за престанок на работниот однос, односно на важноста на договорот за вработување | |
| **Недела бр. 12** | **број на часови:5** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД РАБОТЕН ОДНОС | **задолжителна литература:**<br><br>Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009, стр. 343-347 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>1. Заштита на правата на работникот кај работодавачот и пред надлежниот суд<br>*2. Заштита на правата на работникот пред синдикатот*<br>*3. Мирно решавање на индивидуалните и колективните работни спорови*<br>*4. Инспекциски надзор во областа на работните односи* | |

## VIII. Активности на надворешни институции

| **Активности на надворешни институции** |
|---|
| 1. Посета на надлежни судови за одлучување во работни спорови (Основен Суд Скопје II Скопје)<br>2. Посета на синдикати (Сојуз на синдикати на Македонија и Конфедерација на слободни синдикати)<br>2. Посета на здруженија на работодавачи и стопански комори<br>3. Посета на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија<br>4. Посета на Агенцијата за вработување на Република Македонија<br>5. Средба со претставници на Економско – социјалниот совет на Република Македонија |

## IX. Литература

| **Задолжителна литература** |
|---|
| Старова.Г, *Трудово Право*, (Просветно дело АД Скопје), 2009<br>Закон за работните односи, (Сл.весник на Р Македонија, бр.62/05) |
| **Дополнителна литература** |
| Каламатиев.Т, *Работно Законодавство* (Прописи од сферата на трудот), Фондација Friedrich Ebert Stiftung, Скопје, 2012.<br>Каламатиев.Т, *Прирачник за синдикални претставници*, Friedrich Ebert Stiftung, Скопје, 2010 |

Каламатиев.Т, Ж.Митревски и А.Ристовски, *Права од работен однос на жените и младите во Република Македонија*, Fridrich Ebert Stiftung, Скопје, 2011
Јовевски.Л, *Колективни преговори*, Цетис, Скопје, 2006
Старова.Г и Т.Беличанец, *Трудово Право*, (Универзитет „Св.Кирил и Методиј”- Скопје, Правен факултет, 1996
Старова.Г и Т.Каламатиев, *Работотни односи и законодавство*, Скопје, 2006
Supiot.A, *Que sais-je? Le droit du travail*, Presses Universitaires de France, 2004